Република СевернаМакедонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ воСкопје
Педагошкифакултет „Св. КлиментОхридски“ -Скопје
бул. „Партизанскиодреди“ б.б. 1000 Скопје, Македонија
телефон +389-2-3066-776 телефакс +389-2-3066-807
www.pedagoskifakultet@gmail.com
www.pfsko.ukim.edu.mk

Бр. 09-407/1
26.08 2020 г

# ИНФОРМАЦИЈА

## за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2020/2021 година на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, на насоките: Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство

Се соопштува дека на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ – Скопје, можат да се запишат и кандидати кои имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи, надвор од квотата најмногу 10% од редовните студенти утврдени во Конкурсот.

Рангирањето на кандидатите ќе се врши според успехот од претходно завршеното високо односно вишо образование.

Кандидатите се запишуваат како редовни студенти со кофинансирање на студии, односно со 400 евра во денарска противвредност.

Пријавувањето на кандидатите се врши во периодот од 10 до 27.9.2020 година.

За упис потребни се следните документи:

- Молба – во прилог;
- Уплатница од 50 денари за административна такса;
- Уверение за завршеното високо односно вишо образование;
- Извод од матичната книга на родените;
- Доказ за државјанство на Р.С.М (уверение или решение).

**Документите во оригинал и пополнетата пријава се доставуваат по електронска пошта на меилот: upisi-pedf@ukim.edu.mk.**

**Задолжително во предмет (subject) наведете: КАНДИДАТ СО ЗАВРШЕН ФАКУЛТЕТ.**

Студентите кои на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ – Скопје, ќе се пријават со претходно завршено високо или вишо образование ќе имаат **интервју на 28.9.2020 година во 10.00 часот во дворот на Факултетот.**

**НАПОМЕНА: БЕЗ РЕАЛИЗИРАНО ИНТЕРВЈУ, СТУДЕНТИТЕ НЕМА ДА МОЖЕ ДА СЕ ЗАПИШАТ НА ОВОЈ ФАКУЛТЕТ.**

Скопје, 26.8.2020

Продекан за настава

проф. д-р Весна Макашевска